РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
Бр. 11-131/1
04-03-2025 год.
СКОПЈЕ

**Конкурс за учество во програма за размена на студенти од втор циклус студии - „Sustainable urban development – wood construction, regenerative capacities and urban space"**

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје учествува во програмата за размена на студенти од втор циклус студии „Sustainable urban development – wood construction, regenerative capacities and urban space", чии носители се Факултетот за шумарство, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" – Скопје и HafenCity University Hamburg (Проект бр. 57762534, финансиран од DAAD).

Општата цел на програмата е да поттикне меѓународна соработка и размена на знаења помеѓу академските институции во Западна Европа (Хамбург) и на Балканот (Скопје). Преку оваа иницијатива, студентите и академските координатори ќе работат заедно за да се справат со сложеноста на имплементацијата на ефикасно и климатско неутрално просторно планирање во различни културни, географски, социо-економски и урбани контексти.

Во рамки на наведената програма за размена е предвидена работилница која ќе се одржи од 7.4.2025 до 11.04.2025 год. во Хамбург, Германија. Притоа, студентите ќе имаат можност да се запознаат со решенијата од Хамбург за создавање одржливи урбани простори преку предавања, посети и размена со локални студенти. Неколку групи студенти кои ќе учествуваат на работилницата ќе се вклучат во овие теми преку анализа на преносливоста и применливоста на избраните решенија од Хамбург во контекст на Скопје. На последниот ден од работилницата, концептите ќе бидат дискутирани во формат на јавна презентација.

На наведената работилницата можност за учество имаат и двајца активни студенти од втор циклус студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пријава за учество во Архивата на Факултетот, најдоцна до 7.3.2025 год. до 11:00 часот.

Декан,

Проф. д-р Ѓорги Грујевски